Бр. 02-сл.
10.11. 2022 год.
Скопје

**До:** Министерство за култура

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:** [illegible]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник, бр. 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- **Интегрален текст од говорот на министерот за култура г. Бисера Костадиновска – Стојчевска, даден на Прес-конференција во Владата за Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2023 година од 13.10.2022 година.**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: / E pranuar: | 11.11.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број: / Numri: | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë: |
| УПИ | 03-271 | | |

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Архивски знак: ____________
Рок на чување: ____________ год.
____ 20___ год.
Потпис,

**Потпис**

**10.11.2022 година**

Архивски знак:__________
Рок на чување:__________год.
__________20____год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-271
30. 11 2022 год.

Скопје

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] УП1 бр.03-271 од 11.11.2022 година, министерот за култура, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
### за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од** стра[redacted] УП1 бр.03-271 од 11.11.2022 година (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура СЕ ПРИФАЌА.

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бара следната информација:

1. Интегрален текст од говорот на министерот за култура г.Бисера Костадиновска – Стојчевска, даден на Прес-конференција во Владата за Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2023 година од 13.10.200 година.

Барателот на информацијата побара информацијата да му биде доставена во електронска форма на електронска адреса.

Министерството за култура на електронските адреси [redacted] и [redacted] во прилог на ова решение доставува:

1. Интегрален текст од говорот на министерот за култура г.Бисера Костадиновска – Стојчевска, даден на Прес-конференција во Владата за Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2023 година од 13.10.200 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

[redacted], поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под УП1 бр.03-271 од 11.11.2022 година, со кое побара следната информација во електронска форма да се достави на електронска адреса:

1.Интегрален текст од говорот на министерот за култура г.Бисера Костадиновска – Стојчевска, даден на Прес-конференција во Владата за Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2023 година од 13.10.200 година.

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како во диспозитивот на ова Решение и на Барателот на информацијата му ја даде бараната информација содржана во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на __.__.2022 година, под УП1 бр. 03-271

**МИНИСТЕР**

**Бисера Костадиновска - Стојчевска**

Подготвил: Ана Кардула, службено лице

Почитувани,

Од понеделник, 17 октомври, во 8 часот, ќе биде отворен системот за електронско аплицирање на Конкурсот за поддршка на проекти од национален интерес во културата за 2023 година. Системот за аплицирање ќе биде затворен на 17 ноември во 16 часот.

Користејќи ги позитивните, но и негативните искуства од претходното, всушност, прво аплицирање по електронски пат, оваа година електронското аплицирање целосно ќе се спроведува преку националниот портал **е-услуги**, а не преку веб-страницата на Министерството за култура. Тоа го правиме со цел дополнително да ја поедноставиме процедурата, на апликантите да им заштедиме и време и средства за неопходните документи кои сега директно ќе можат да ги преземаат и да ги прикачуваат, како што се, на пример: уверение за државјанство, увид во тековна состојба и слично...

Техничките упатства и поддршката при регистрирањето, корисниците ќе можат да ги најдат на веб-страницата на **uslugi.gov.mk**, како и преку контакт-центарот на овој национален портал. Сакам да нагласам дека овој процес е крајно едноставен и прегледен за корисниците.

Помош во делот за пријавите корисниците и натаму ќе можат да побараат од секторите во Министерството за култура. Контактите со конкретни лица по области и нивните е-адреси ќе бидат објавени на веб-страницата на Министерството за култура.

Со електронската апликација што ја воведовме минатата година се забрза целиот процес – од пријавување до изготвување решение. Со затворањето и испраќањето на пријавата, секој корисник автоматски доби архивски број. Со тоа се избегнаа и недоличните редици пред Министерството, како и метежот пред архивата на Министерството за култура и, што е исто така важно, времето за евалуација на поднесените пријави се скрати за десетина илјади работни часови, драгоцено време за сите.

И што е исклучително важно – електронската апликација ја елиминираше можноста за злоупотреба, односно да се менуваат или да се додаваат документи откако заврши пријавувањето. Со тоа го елиминираме и секој сомнеж за евентуално коруптивно однесување при овој процес.

Но, и покрај сите придобивки, системот сепак не беше до таа мера усовршен за автоматски да го „препознае" невниманието на корисниците кон општите услови и правила за тоа со колку проекти можат да конкурираат по дејност иако тие правила беа објавени и им беше укажано дека ќе мора да ги испочитуваат. Согледувањето на тој пропуст, потоа, беше задача на комисиите кои поради принципиелно и професионално почитување на условите и правилата мораа да одбијат, за жал, и добри проекти.

За да не се повтори ова, од оваа година, преку националниот портал е-услуги, автоматски ќе биде оневозможено да се конкурира со повеќе проекти од утврдените во правилата на Конкурсот. Затоа, и во оваа пригода ги замолувам корисниците да обрнат внимание на Општите услови и на условите за аплицирање во секоја дејност одделно. Особено во делот кај условите, со колку проекти може да се конкурира по дејност бидејќи, да повторам, системот автоматски нема да дозволи физичко или правно лице да аплицира во повеќе дејности од пропишаните.

И на крајот, да се вратам на почетокот – од понеделник, 17 октомври, во 8 часот, ќе биде отворен системот за електронско аплицирање на Конкурсот за поддршка на проекти од национален интерес во културата за 2023 година. Системот за аплицирање ќе биде затворен на 17 ноември во 16 часот. Од оваа година, електронското регистрирање и аплицирање целосно ќе се спроведува преку националниот портал **е-услуги.**

И уште нешто. За првпат, од оваа година, и решенијата за прифатени, одбиени или отфрлени проекти, корисниците ќе ги добијат по електронски пат.

Ви благодарам!